**Влада на Република Северна Македонија**

# З А П И С Н И К
од Сто триесет и третата (дописна) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 мај 2019 година

Скопје, мај 2019 година

## З А П И С Н И К
## од Сто триесет и третата (дописна) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 мај 2019 година

Седницата започна во 15:35 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, а преку телефонска врска во седницата учествуваа: заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите: на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Од седницата отсуствуваа, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Асаф Адеми, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог за определување на 7 мај 2019 година (вторник) за неработен ден за вработените во државната и јавната администрација на територијата на Град Скопје.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по повод Првата посета на поглаварот на Католичката црква, Папата Франциск на Република Северна Македонија, заклучи:

- 7 мај 2019 година (вторник) да го определи за неработен ден за сите вработени во државната и јавната администрација на територијата на Град Скопје.

Со оваа одлука на Владата да бидат опфатени основните и средните училишта на територијата на Град Скопје.

Оваа одлука не се однесува за детските градинки и здравствените установи на територијата на Град Скопје, односно истите да изработат свои сопствени планови за работењето во овие дејности, со цел непречено функционирање.

Исто така, Владата препорачува општините во градот Скопје и Градот Скопје да ја спроведат оваа одлука.

Воедно, Владата препорачува и на приватниот сектор на територијата на Град Скопје, а особено од централното градско подрачје, да ја спроведе оваа одлука, овој ден да биде неработен и за вработените во овој сектор.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:45 часот.

<table>
<tr><td align="center">ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА<br>ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА<br>СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br><br>д-р Драги Рашковски</td><td align="center">ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА<br>ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА<br>СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br><br>м-р Радмила Шекеринска</td></tr>
</table>